IX Меѓународна конференција Стратешки развој на туристичката индустрија во 21 век, Охрид, Р.Македонија, 2007, 25-26.07.2007

# ТУРИСТИЧКИОТ БИЛАНС КАКО ИНДИКАТОР ЗА ТУРИСТИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА МАКЕДОНИЈА

# TOURIST BALANCE AS INDICATOR OF THE TOURIST POTENCIAL OF MACEDONIA

**Aleksandar Trajkov, M.Sc.**
*Faculty of tourism and hospitality-Ohrid, University of Bitola*
*taleksandar21@yahoo.com*

***Vera Karadzova, M.Sc.***
*Faculty of tourism and hospitality-Ohrid, University of Bitola*
*verakaradzo@yahoo.com*

*Abstract*

Како една од водечките светски индустрии, туризмот има забележително влијание врз светските економски текови. Постојат повеќе индикатори (физички и финансиски) за утврдување на важноста на туристичката индустрија во некоја конкретна земја. Меѓу нив е и туристичкиот биланс, како дел од платниот биланс на земјата, односно меѓународните трансакции на земјата по основ на туризам. Состојбата во платниот биланс ја рефлектира реалната економска состојба а земјата, односно земјите кои имаат позитивен биланс на плаќања бележат суфицит и обратно. Кај голем број земји приходите реализирани по основ на туризам го редуцираат негативниот биланс и го конвергираат во позитивен. Меѓутоа, пак од друга страна, се диференцираат и земји со негативен туристички биланс. Треба да се напомене дека ефектите што ги има туризмот врз платниот биланс тешко се пресметуваат, најчесто заради комплексноста на индустријата и недостатокот на потребните податоци, па треба да се изведат оние елементи кои не се засметани во туристичкиот биланс за да може да се утврдат целосните ефекти на туризмот во националната економија и потенцијалот на туристичката индустрија. Сепак од податоците дадени во туристичкиот биланс може да се согледа потенцијалот за туристички развој на било која национална економија или во случајот со Република Македонија.

**Клучни зборови**: туристички биланс, платен биланс, суфицит, прилив, одлив, дефицит, Македонија, ефекти

Tourism as one of the leading world industries has respectable influence towards world economy flows. There are many indicators (physical and financial) that confirm importance of tourism industry in certain country. One of those indicators is exactly tourist balance, as part of country pay-balance, expressed by all international transactions of the country made on tourism base. Pay-balance situation reflects real economic condition of the country; in fact, countries with positive pay balance are sufficient and otherwise. Many countries are reducing their negative pay-balance and also are converting it into positive with incomes realized on tourist balance base. Still, on the other hand, there are some differenced countries realizing negative tourist balance. It is worth to mention that effects of tourism on tourist pay-balance are hard to determine because of the complex of tourism industry as well as lack of necessary data, so there is a need to mark all those elements that can not be calculated in tourist balance. In that way we can confirm potential of the tourism industry and its impact on national economy. Anyway, data given in tourist balance are still worth to realize potential of tourism sector development of any country, as well as Macedonia in this case.

**Key words:** tourist balance, pay-balance, suffice, deficit, income, outcome, Macedonia, effects.

**Вовед**

Секоја земја, резултатите од економските односи со странство, ги искажува преку систем од биланси со што се овозможува увид во положбата на земјата во однос на останатиот дел од светот. Различните облици на економски и финансиски односи со странство претпоставуваат постоење на повеќе биланси. Во секојдневната практика се практикуваат три типа биланси: биланс на надворешно-трговска размена (надворешно-економски биланс), девизен биланс и платен биланс (биланс на плаќања)[1]. Врз основа на билансите се анализираат односите на националното стопанство со странство за одреден временски период, обично една година, а врз основа на резултатите од анализата се превземаат соодветни мерки.

Една од водечките светски економии, што има значаен придонес врз економијата на голем број национални стопанства е токму туризмот. Постојат повеќе индикатори за искажување на состојбите, потенцијлот и развојот на туризмот, кои генерално може да се поделат на неекономски (нефинансиски) и економски (финансиски). Во првата група индикатори се туристичкиот промет (број на туристи и ноќевања), како и временската, просторната и органзационата дистрибуција на туристичкиот промет, додека во втората група индикатори се туристичката потрошувачка, приливот и одливот на парични средства по основ на туризам.

Како еден од изворите на податоци за економското значење на туризмот за некоја конкретна земја е токму нејзиниот **платен биланс**. Во платниот биланс се регистрираат сите меѓународни економски трансакции на земјата, вклучувајќи ги и оние по основ на туризам. Економските трансакции на резидентите со нерезидентите се регистрираат во платниот биланс како кредитни и дебитни ставки[2]. Во кредитните ставки меѓудругото влегува и потрошувачката на странски резиденти (туристи) во домашната земја, додека во дебитните ставки се регистрира туристичката потрошувачка на домашните резиденти во странство. Класифицирањето на трансакциите меѓу земјата и странство ја детерминира и структурата на платниот биланс кој се состои од (1) биланс на тековни трансакции, (2) биланс на капитални трансакции и (3) биланс на резрви. Во тековната сметка на платниот биланс влегуваат подбилансот на стоки, подбилансот на услуги и подбилансот на трансфери. Токму како составен дел од подбилансот на услуги се јавува туристичкиот биланс. Односно, делот од платниот биланс, кој овозможува увид во сите приходи и расходи кои одредена земја ги има по основ на меѓународен туризам во определен временски период, може да се идентификува и уште како **туристички биланс**.

Сосема е разбирливо туризмот да има значајно влијание врз платниот биланс на голем број земји, со што директно влијае врз нивната надворешна ликвидност. По правило, состојбата во платниот биланс ја рефлектира реалната економска состојба на земјата. Општо познат е фактот дека меѓународниот туризам, преку приходите кои се реализираат по основ на потрошувачката на странските туристи во земјата т.е **"невидливиот извоз и увоз"** може да одигра значајна улога во зголемувањето на

[1] Гогоски Р., Меѓународно финансиско работење, Охрид, 1999, стр. 52
[2] Кредитните трансакции (+) означуваат прилив на девизи во националната економија, додека дебитните трансакции (-) значат одлив на девизи во странство.

вкупните приходи на државата. Имено, влијанието на меѓународниот туризам врз платниот биланс зависи од продуктивните капацитети на земјата, што претставува, пак, функција од нејзините географски, економски, технички, социјални и други карактеристики и од нејзиното ниво на развиеност. Како што веќе се истакна, меѓународниот туризам може да има значително влијание врз платниот биланс на една земја.

**Методолошки проблем за пресметување на туристичкиот биланс**

Ефектите кои туризмот ги има врз платниот биланс на земјата, а со тоа и на вкупната национална економија, многу тешко се пресметуваат. Причините најчесто се содржани во недостатокот на потребните информации, бидејќи голем број на земји не ги прибираат потребните статистички податоци. За жал, и Република Македонија може да се вброи во редот на овие земји. Калкулацијата на ваквите ефекти е особено отежната во земјите во развој кои се карактеризираат со голема увозна зависност што, исто така, е случај со Република Македонија, бидејќи тие имаат потреба од увезување на голем број на добра кои би ги користеле туристите, како и опрема за туристичката супраструктура и инфраструктура. Земајќи ја предвид комплексноста на туристичката индустрија која и во поширока смисла на зборот ги содржи угостителството, сообраќајот и трговијата на мало, каде како дејност со најголемо учество во поединечното задоволување на туристичките потреби се издвојува угостителството. Исто така, како еден од проблемите за реално изразување на туристичкиот биланс е и тоа дека голем број странски посетители не се регистрирани од страна на надлежните институции бидејќи не се пријавуваат од страна на приватните угостители.[3] Сето горенаведено ни ги претставува потешкотиите за утврдување на методологијата за пресмтување на туристичкиот биланс.

Имено, во ваков случај во калкулациите се изоставуваат и неколку позначителни категории, како што се[4]:

- Увозот на опрема, стоки и услуги за развој на туристичката инфраструктура и за потребите на странските туристи,
- Каматите и исплатата на странскиот позајмен капитал за туристичките намени,
- Исплата на плати за странски персонал, трошоци за изнајмување на опрема и репатријација на профитот од странските компнании,
- Диведенди за странските акционери во туристички претпријатија,[5]
- Продажба на акциите од туристичките претпријатија од странските акционери на резидентите,[6]
- Трошоци за промоција во странство апсорбирани од страна на нашата туристичка администрација и од туристичките стопанственици.

[3] Извештај за туристичкиот биланс на РМ, НБРМ, 2007, интернет издание
[4] Ацковски, Н., Влијанието на туризмот врз платниот биланс на Република Македонија, 3-та Меѓународна конференција за мултипликативните ефекти на развојот на туризмот, Охрид, Опатија, Братислава, 21-24 Ноември 2001, стр 517,
[5] Tribe, J., The Economics of recreation, leisure and tourism (third edition), Elsevier LTD, UK, 2006, стр 318-319
[6] Tribe, J., The Economics of recreation, leisure and tourism (third edition), Elsevier LTD, UK, 2006, стр 318-319

За горенаведените категории не постои можност за попрецизна идентификација, па заради тоа во понатамошното излагање кога се зборува за туристичкиот биланс како индикатор на туристичкиот потенцијал на Македонија ќе се мисли првенствено на приходите реализирани по основ на странска туристичка потрошувачка во земјава и расходите по основ на туристичката потрошувачка на нашите граѓани во странство при што не се земаат во вид другите приходи и расходи релевантни за меѓународниот туризам кај нас. Според тоа треба да се напомене дека сознанијата добиени во понатамошното излагање во одредена мерка ќе бидат релативизирани, но сепак истите претставуваат значаен индикатор за состојбите во туристичката индустрија.

## Сосотјби во туристичкиот биланс на Македонија

Приходите реализирани по основ на меѓународен туризам можат да бидат многу значаен извор на девизни средства потребни за финансирање на економскиот развој на земјата, а согласно тоа и значајна ставка во платниот биланс на земјата[7]. Ако се анализираат податоците за целиот изминат период се забележува дека за истиот е својствена голема нестабилност во движењата на девизниот прилив по основ на туризам (и бруто и нето) во периодот од осамостојувањето до сега. Воедно, одливот на девизи бележи постојан пораст во истиот овој период

**Туристички биланс на Република Македонија 1991-2006 г.** (во милиони УСД)

| Година | Туризам (нето)[8] | Прилив | Одлив |
|---|---|---|---|
| 1991 | 2.8 | 9.0 | 6.2 |
| 1992 | 3.9 | 11.2 | 7.3 |
| 1993 | 0.00 | 13.00 | 13.00 |
| 1994 | 7.00 | 29.00 | 22.00 |
| 1995 | -7.80 | 19.45 | 27.25 |
| 1996 | -5.64 | 20.61 | 26.25 |
| 1997 | -12.04 | 15.16 | 27.20 |
| 1998 | -14.83 | 16.70 | 31.53 |
| 1999 | 7.73 | 39.88 | 32.15 |
| 2000 | 3.66 | 37.94 | 34.28 |
| 2001 | -12.56 | 25.95 | 38.51 |
| 2002 | -5.51 | 39.02 | 44.53 |
| 2003 | 8.73 | 56.68 | 47.95 |
| 2004 | 12.74 | 52.91 | 40.17 |
| 2005 | 24.25 | 83.90 | 59.65 |
| 2006 | 58.45 | 129.17 | 70.72 |
| ВКУПНО | 70,00 | 599,00 | 529,00 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

[7] Народна Банка на Република Македонија, Надворешно-трговски и девизен сектор, Билтен 3/2004, стр 3,
[8] Нето туризам (или нето приходи од туризмот) ја означуваат разликата од приливот и одливот на девизи по основ на меѓународен туризам

**Слика 1. Графичко прикажување на туристичкиот биланс на Република Македонија за 1993-2006 год.** (милиони УСД).




**О**д податоците изнесени во табелата, можат да се извлечат следниве заклучоци:

- На почетокот на анализираниот период, односно од 1991 до 1994 година Република Македонија бележи позитивни резултати во туристичкиот биланс, со благ пад во 1993 година,
- Во периодот од 1994-1998 година ваквата состојба се менува при што се евидентира негативно салдо на туристичкиот биланс. Ваквата состојба е резултат на намалувањето на приходите од меѓународниот туризам и континуираниот пораст на одливот на девизи од македонските туристи во странство.
- Во 1999 год и 2000 година се забележани зголемување на приходите по основ на странскиот туризам во однос на претходниот период, што резултирало со суфицит во туристичкиот биланс,
- Во периодот 2001 година повтроно бил остварен дефицит во туристичкиот биланс и се должи на намалувањето на приходите по основ на странски туризам,
- Во периодот по 2001 па се до денес, во континуитет се забележуваат позитивни резултати во туристичкиот биланс на Република Македонија што се должи на континуираниот раст на приливот на девизи во многу поголема динамика во однос на порастот на приливот на девизи по основ на меѓународен туризам.

Она што исто може да се види од сликата 2 покрај постојаниот раст на одливот на девизи по однос на туризам се гледа дека постојат големи и непредвидливи осцилации во приходите по основ а туризам од осамостојувањето до 2002 година и истите се со многу ниска просечна стапка на раст, односно вкупно се забележани само 267 милиони УСД приходи, а 310 милиони УСД расходи, што значи имаме негативен биланс од повеќе од 34 милиони УСД. Сепак, од позитивниот тренд од 2002 па до 2006, кога се реазлизирани 323

милиони УСД приходи, а 218 милиони УСД расходи по основ на меѓународен туризам, односно повеќе од 100 милиони УСД нето прилив на девизи по основ на туризам може да се констатира позитивното влијание на туризмот врз платниот биланс и вкупната економија и дека Македонија располага со значаен туристички потенцијал кој треба да го искористи за да го стимулира економскиот развој.

Вреди да се напомене дека зголемените приходи по основ на туризам доаѓаат како резултат на зголемената потрошувачка на странците, а не како резултат на порастот на цените во домашната економија. Тоа може да се согледа од индексот на цени во угостителството кој во 2006 во однос на 2005 изнесува 103,3, или ако се земат предвид цените на ноќевањата кои најмногу влегуваат во туристичкиот биланс се гледа дека цените на ноќевањата во 2005 во однос на 2004 се зголемени за 0,7% додека цените на ноќевањата во 2006 во однос на 2005 се зголемени за 6,8%[9], што не соодветствува со стапката на пораст не приходите по основ на меѓународен туризам.

**Слика 2. Состојба на туристичкиот биланс на Македонија од осамостојувањето до сега (нето прилив во милиони УСД)**




Потенцијалот на туристичката индустрија во Македонија може да се утврди и ако се искористат податоците од туристичкиот биланс за да се види колку приходи се реализираат од еден странски турист, колкава е дневната потрошувачка на странските туристи. Потоа, колку приходи се остваруваат од меѓународен туризам по глава на жител како и тоа колку приходите од туризмот учествуваат во БДП, односно колку странските туристи придонесуваат во БДП на Македонија.

[9] Податоците се од Заводот за статистка на Македонија, Годишни и месечни извештаи за туризам

**Табела: Реализирани приходи по странски турист и дневни приходи од странски турист во периодот 2004-2006**

| | Број на туристи | Остварени ноќевања | Приходи по турист | Приходи по ноќевање |
|---|---|---|---|---|
| **Год.** | **Странски** | **Странски** | **УСД** | **УСД** |
| 2004 | 165306 | 360589 | 320 | 146 |
| 2005 | 197216 | 442988 | 425 | 189 |
| 2006 | 202357 | 442845 | 638 | 292 |

*Извор: Завод за статистика и сопствени пресметувања*

Од податоците во горната таблеа се гледа дека во периодот 2004-2006 година потрошувачката на странските туристи во Македонија постојано се зголемува, односно од 320 УСД потрошувачка на еден странски турист имаме дури 100% зголемување до 638 УСД потрошувачка од еден странски турист. Исто така имаме и 100% пораст на дневната потрошувачка на странските туристи во анализираниот период, од 146 УСД на 292 УСД. Со тоа може уште еднаш да го потврдиме потенцијалот на туристичката индустрија во нашата земја

**Учество на секторот хотели и ресторани во БДП (во милиони УСД)**

| | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| % учество на приходите од странски туристи во БДП на Македонија | 0,9 | 0,75 | 0,52 | 0,72 | 1,05 | 0,93 | 1,4 | 2,0 |

*Извор: Сопствени пресметки врз основа на податоците од заводот за статистика*

Од горната табела се гледа дека во периодот од 1999 до 2004 година учеството на приходите од странските туристи во БДП на Македонија варира и стигнува до околу 0,9% во вкупниот БДП, додека во периодот 2004-2006 година има пораст од 0,9% до 2% учество на приходите од странските туристи во БДП на Македонија. Нагорниот тренд уште еднаш го потврдува потенцијалот на туризмот во нашата земја.

## Заклучок

Податоците од туристичкиот биланс на Македонија ја рефлектираат состојбата во македонскиот туризам и се еден од индикаторите за потенцијалот на оваа индустрија во Македонија. И покрај методолошките потешкотии за нивно пресметување истите не смеат да бидат занемарени како релевантни за искажување на реалните состојби во дадениот сектор. Како изведени заклучоци за потенцијалот на туризмот искажан преку туристичкиот биланс ги имаме следните: 1. и покрај општата нестабилност на приливот и одливот на девизи во Македонија по основ на меѓународен туризам од осамостојувањето досега, која соодвествува со општата економско-политичка нестабилност на Македонија во овој период, радува податокот дека во последните неколку години имаме контуинуиран пораст на туристичките приходи (како бруто, така и нето); 2. од податоците во туристичкиот биланс може да се дојде и до сознание дека имаме пораст на потрошувачката на странските туристи во последниов период како и пораст на дневната потрошувачка на странските посетители во Македонија и 3. исто така се бележи

забележителен раст на учеството на приходите од странскте туристи во БДП на Македонија. Претходното изнесеното е добар знак за потенцијалот на македонската туристичка индустрија и не упатува на тоа дека истата треба и понатака да се унапредува. Со цел да се зголемат приходите од туризмот, не треба само да се работи само на зголемување на бројот на туристите, туку за цел треба да се постави привлекување на туристи од земјите кои важат за најголеми птрошувачи во туризмот. Република Македонија е во можност да се прилагоди кон новите потреби и барања на туристите и е неопходно да го направи истото затоа што анализата на економските ефекти од туризмот врз развојот на економијата во Република Македонија го потврдува фактот за големото значење на туристичката дејност.

**Литература:**


- Ацковски, Н., Влијанието на туризмот врз платниот биланс на Република Македонија, 3-та Меѓународна конференција за мултипликативните ефекти на развојот на туризмот, Охрид, Опатија, Братислава, 21-24 Ноември 2001
- Ацковски, Н., *Политика за развој на туризмот*, МИС-ПРЕС-Струга, Струга, 2001
- Гогоски Р., Меѓународно финансиско работење, Охрид, 1999
- Извештаи од Заводот за статистика на РМ
- Извештаи од НБРМ
- Извештаи од Светска туристичка организација
- Нестороска И., Меѓународен туризам, Охрид, 2006
- Theobald W., Global Tourism, third edition, 2005
- Tourism Highlights 2006, 2005, 2004, World Tourism Organisation, internet edition
- Tribe, J., The Economics of recreation, leisure and tourism (third edition), Elsevier LTD, UK, 2006
- WTO, *Tourism Barometer,* интернет издание